UDC: 821-1(082)(049.3)
*Review article*

# THE POETIC EXPRESSION OF YOUTH IN THE AGE OF GLOBALIZATION
# ПОЕТСКИОТ ИЗРАЗ НА МЛАДИТЕ ВО ЕРАТА НА ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА

**Марина СПАСОВСКА[1]**

[1]*Македонски јазик и книжевност, Филолошки факултет, Универзитет во Тетово*

[2]*е-маил marina.spasovska@unite.edu.mk*

**Апстракт**

Интернетот и социјалните мрежи, покрај другото, придонесуваат и за развивање на креативноста, творечкиот капацитет и за осовременување на поетскиот израз на младите. Токму тоа нè наведе да пристапиме кон едно истражување на литературните конкурси во РСМ, коишто им се посветени на младите надежни поети, кои, пак, имаат можност да се изразат книжевно, да разменуваат идеи, вредности и да запознаат различни култури. Вниманието ни го привлече литературниот конкурс „Млади поетски пера – Стиховите градат мостови“, односно тријазичната поетска збирка произлезена од него, во која се вдомени 18 творби од млади неафирмирани поети, кои творат на мајчин јазик (македонски, албански и турски). Во песните се засегнати различни теми, но доминираат љубовните чувства и расположби. Целта ни е да го анализираме поетскиот израз на младите творци, осврнувајќи се на она што ги доближува.

***Клучни зборови:*** поетски израз, култура, млади, глобализација, стих.

**Abstract**

The Internet and social media among other, contribute for the development of creativity, the creative capacity and the modernization of the poetic expression. This is exactly what led us to approach a research on the literary contests in Republic of North Macedonia, which are dedicated to young promising poets, who, in turn, have the opportunity to express themselves in literature, exchange ideas, values and get to know different cultures. Our attention was drawn to the literary contest "Young Poet's Pens - Verses Build Bridges", i.e. the trilingual poetry collection resulting from it, which includes 18 poems by young unconfirmed poets, who write in their mother tongue (Macedonian, Albanian, Turkish). Various topics are touched in the songs, but love feelings and moods dominate. Our goal is to analyze the poetic expression of young creators, referring to what brings them closer together.

***Key words***: poetic expression, culture, youth, globalization, verse

Интернетот и социјалните мрежи имаат огромно влијание врз сите подрачја на функционирање на современиот човек, така што придонесуваат да се смени неговата перцепција не само во поглед на неговиот социјален живот туку и во поглед на развојните тенденции во културата и во уметноста, воопшто. Во ова време на интензивен и забрзан технолошки развој и литературата го следи и се приспособува на она што е ново и популарно во однос на социјалните медиуми. Па така, денес, во светот на книжевноста сè

позастапен е трендот на пишување книжевни дела на интернет, односно на некоја од социјалните мрежи (Фејсбук, Инстаграм, Твитер и сл.), кои покрај другото, придонесуваат и за развивање на креативноста, на творечкиот капацитет и за осовременување на поетскиот израз на младите. Во последно време социјалните медиуми дури служат за популаризирање, па и за комерцијализирање на книжевноста, особено кај помладата популација, бидејќи преку нив можат да ги споделуваат и да ги објавуваат своите лични творби. Сѐ попопуларна станува т.н. инста-поезија каде што младите автори ги објавуваат своите песни, со цел да бидат прочитани и вреднувани од што поголем број пријатели или следбеници. Авторите се трудат да бидат интересни, модерни, креативни, да понудат нешто свое, со цел да ѝ се допаднат на публиката, бидејќи, во спротивно, би се изгубиле во сето она што секојдневно се објавува на социјалните мрежи. Во врска со интернет-литературата, Петровска (2020: 99) посочува дека „глобалната експанзија на поетскиот дух е сѐ поголема мотивација за сите оние коишто сакаат да се обидат да напишат некој поетски обид", дека квалитетот на оваа литература станува сѐ подобар, така што „веќе можеме да потврдиме дека интернетот стана зародиш за нов, автентичен книжевен жанр". Сепак, ќе се согласиме дека оваа книжевност во голема мера се разликува од класичниот книжевен модел. На интернет-литературата ѝ недостасува книжевна критика, а ако ја има, најчесто таа е критички настроена. Според Петровска (2020: 100), причината за тоа лежи во тоа што „најчесто оваа поезија не се потпира на класичната теорија на книжевноста, а често во неа и недостасува длабочина на мислата и уметничка тежина на зборовите".

Нашата намера во овој труд не е да правиме анализа на инста-поезијата и на објавените песни на социјалните мрежи, туку целта ни е да го анализираме поетскиот израз на младите творци коишто со своите поетски остварувања учествуваат на литературни конкурси и да воочиме кои се нивните интереси, какви стихови создаваат и што е она што ги доближува, односно што е заедничко за нив. Токму тоа нѐ наведе да пристапиме кон едно истражување на литературните конкурси во РСМ[1], коишто им се посветени на младите надежни поети, кои, пак, имаат можност да се изразат книжевно, да разменуваат идеи, вредности и да запознаат различни култури. Вниманието ни го привлече литературниот конкурс „Млади поетски пера – Стиховите градат мостови"[2], односно тријазичната поетска збирка произлезена од него, во која се вдомени 18 творби од млади, пред сѐ неафирмирани поети, кои творат на мајчин јазик (македонски, албански или турски). Во песните се засегнати различни теми, но доминираат љубовните чувства и расположби.

Како што споменавме, Збирката се состои од 18 одбрани песни, напишани на македонски, албански или на турски јазик, а секоја песна е преведена и на двата други јазика. Авторите се на возраст од 16 до 35 години, но секој од нив си има свој творечки усет, своја поетика, своја уметничка порака. Во песните се отсликуваат секојдневието, емотивните состојби, денешницата, урбаната атмосфера и сл. Генерално, за што и да пишуваат младите поети, се насетува социјалниот контекст, така што ги препознаваме и времето и просторот во коишто сите тие нежни души живеат, сонуваат, љубат или губат.

[1] Поетски фестивал „Стихувалки"; Литературен конкурс за најдобри поетски творби – Тетово; Меѓународен поетски фестивал „Литературни искри"- Гостивар; Меѓународен поетски конкурс за деца и млади „Развигорец вестоносец" – Струмица; Конкурс за необјавена поетска книга „Антево перо" - Скопје, Конкурс за најдобра необјавена поетска книга „Караманов 2022" - Радовиш; Поетски конкурс на тема „Љубов" - Охрид; Поетски конкурс „Мојата трка" – Струга, Скопски поетски фестивал „Отскочна даска", итн.

[2] Во организација на Здружението за култура „Крик 094" од Гостивар, а со поддршка од Министерството за култура на РСМ.

Во однос на структурата на поетските творби, констатираме дека, со исклучок на песната „Во вознемиреност“[3], односно „Në ankth“, во ниту една друга песна нема рима, а што се однесува на организацијата на строфите, 10 песни се хетерострофични (имаат строфи со различен број стихови), а останатите 8 се астрофични (воопшто немаат строфи, а стиховите се наредени еден под друг). Она што го забележуваме како заедничка карактеристика на повеќето млади автори е тоа дека во песните најчесто не употребуваат интерпункциски знаци или, пак, нивната употреба е сведена на минимум. Секако дека тоа не значи дека намерно не се почитуваат ортографските правила, туку дека е нешто што е својствено за нив.

Стиховите напишани од младите поетски пера загатнуваат многу теми, но, како што истакнавме, во поголемиот број од нив доминираат љубовните пораки. Во нив се наѕира трепетот на поетовата душа, немирот, притаената болка: *Ко оловен оклоп на градите ти надвиснував / и секој залутан куршум од телото ти го извлекував. / Сè дури не го впери во мене. / ... јас, / твојот штит / ти, / мојот вечен куршум...* [4]; изманените емоции: *Беше зима во моето срце / кога ти дојде / и направи ангелче во снегот. / И потоа си замина...* [5]; љубовниот занес и себеспознавањето: *Во мракот заробен помеѓу две дланки стиснати / И мартинката сплетена од две насмевки ненајдени / Луѓето почнуваат да разбираат кои се...* [6]. Можеби најсилната љубовна порака ја праќа песната „Шумот на сите ветрови“[7]. Во неа доминира метафората, ’кралицата‘ на стилските фигури, преку која поетесата, со огромна умешност, низ една суптилна игра на зборови ни раскажува за копнежот по љубениот: *По агрегација, интерпункција и артикулација те препознав. / Почекај, разденува, огреа сонце, / заедно ќе го слушаме летото и ќе пиеме море. / Умножено ќе угреваме, енигматски ќе музицираме*, за копнежот по среќните денови: *Чинам еднаш бевме среќни, / тогаш кога енигматски дишевме лето! / Бевме родени од море, / а судени во песна да растеме. / Сега песните ни се испрани / и закачени на старата жица за алишта.* Силна метафора провејува и низ песната „Немиот раскажувач“[8], во којашто прилично тешко се открива мислата, пораката на поетот, бидејќи тој, како вистински мајстор на својот занает, умешно го води читателот низ лавиринтот на неговите асоцијации: *Преживеав, / никогаш повеќе збор не кажав, / само асоцијации искашлував / само тутунови полиња исплукував.*

За надежта која последна умира ни пишува младата поетеса Ана Трпевска[9], која низ игра на зборови ни ја претставува таа „*апсурдна илузија на среќа*“ или „*евтина разонода за секој смртник*“, односно „*единствената која последна умира / и во која нема ништо, / баш ништо, освен измама на умот*“. Овде би ја сместиле и песната „Случаен минувач“[10] во која иако доминираат меланхолични мисли за ’оловната‘, ’немата тишина‘ за ’лавиринтот на осаменоста‘ низ којшто минува случајниот патник и за сè поверојатниот ’безизлез од загатка на црнилото‘, сепак, на крајот се наѕира надежта дека можеби ќе се пронајдат ’срдечните искри на сонцето‘, односно ќе се пронајде излез од безизлезот.

---

[3] Автор на песната е Бесјона Јусуфи (в. стр. 11/34).
[4] „Куршум“ од Мартина Даниловска (в. стр. 10).
[5] „Невидлива“ од Павлина Атанасова (в. стр. 18).
[6] „Секој секому огледало“ од Андреј Ал-Асади (в. стр. 6).
[7] од Рената Пенчова (в. стр. 23-24).
[8] од Дејан Крстески (в. стр. 13).
[9] „Надеж“ (в. стр. 17).
[10] од Мери Берат (в. стр. 7).

Заповедно звучат стиховите: *Врати се дома пред да се стемни*, со коишто почнуваат речиси сите десет строфи во песната „Самовилска игра“[11], во која поетесата Анастасија Левкоска преку еден интересна нарација, која наликува на народните песни, нè потсетува на митолошките суштества самовили и на верувањата поврзани со нив, на тие натприродно моќни убавици, кои го измамиле младиот поет да живее во маѓепсан самовилски круг, цели пет години.

Тишината и спокојот што во урбаната средина донекаде ги носи само ноќта се тема во песните „Зора“[12] и „Градот“[13], но додека во првата песна имаме едно пејзажно опишување на зачнувањето на денот, кога „тишината е привремена“ бидејќи „се буди секоја заспана душа“ и „се расонува целиот град“, и потоа повторно започнува „немирот на денот“ односно нашето секојдневие исполнето со постојана трка со времето, во втората песна, лирското јас, низ една императивна интонација, повикува „да се започне повторно со читање / да се запознаат книгите...“, бидејќи само на тој начин ќе имаме надеж за подобро утре. Токму оваа песна, како и песната „Знаење“[14] праќаат моќна порака до читателите дека треба да бидат жедни за знаење, за читање, бидејќи само така ќе бидат побогати и ќе ги спознаат вистинските радости на животот.

Како што споменавме на почетокот, нашата цел ни беше да го претставиме поетскиот израз на младите поети коишто решиле да тргнат по патот на убавата литература, да остават свој личен печат, да ги искажат своите емоции во едно чудно време-невреме во коешто убавиот збор, за жал, го среќаваме сè поретко. Направивме анализа на песните вдомени во збирката „Млади поетски пера“, без претензии за некоја строга книжевна критика, туку, напросто, сакавме да нотираме што е тоа што е заедничко за младите поети, односно за нивната поетска постапка. Како заедничка карактеристика би ја издвоиле формата на песните, бидејќи речиси сите се пишувани астрофично и најчесто без интерпункциски знаци. Секако дека тоа не е погрешно, можеби на тој начин младите автори ни даваат можност да ги читаме песните онака како што ги чувствуваме. Во однос на стилските изразни средства, доминира метафората, но застапени се и епитетот, метонимијата, компарацијата, иронијата, итн. Нашиот генерален впечаток е дека е направен вистински избор во песните, бидејќи секоја зрачи со своја убавина. Некоја помалку, некоја повеќе, но, сепак, секое вреднување е субјективно, па така и нашето. На крајот, би го завршиле нашиот труд со една мудра мисла од Пабло Пикасо, кој вели: „Секое дете е уметник. Проблемот е како да остане уметник кога ќе порасне.“ Им благодариме на нашите млади уметници што успеале да го одржат тој континуитет и им посакуваме уште многу вакви вредни поетски дела.

## Референци

- азбучен редослед

[1]. Млади поетски пера. (2021). *Стиховите градат мостови.* Гостивар.

[2]. Калер, Џ. (2015). *Книжевна теорија (сосема кус увод).* Колекција разноликост на Меѓународниот ПЕН, Т.6. Скопје.

[3]. Петровска, Сл. (2020). Тенденциите на македонската интернет литература. *FILOLOGIA-International Journal of Human Sciences*. Vol.8 / No. 13-14 (pp. 98-105). Tetova.

[11] в. стр. 20-22.

[12] од Давид Берат (в. стр. 5).

[13] од Даница Среткоска (в. стр. 14).

[14] од Береника Арслани (в. стр. 19/42).